ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАРИЈАТ

# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ

Генералниот секретаријат и Кабинетот на Претседателот на Владата на Република Северна Македонија се институции специјализирани за обезбедување логистичка - стручна поддршка на Владата во целина, на Претседателот на Владата, замениците на Претседателот на Владата, министрите (членовите на Владата) со препознатливи принципи во работењето: професионалност, квалитет, независност и коректност.

Од визијата на раководството произлезе обврската со постојано унапредување на Системот за менаџмент со квалитет воспоставен според барањата на стандардот

**ISO 9001:2015**

да развиваме институција способна да испорачува услуги кои ги задоволуваат потребите на корисниците и ги исполнува применливите законски и други барања.

Вработените во Генерален секретаријат и Канцеларија на Претседател на Влада на Република Северна Македонија, работат на остварување на следните цели:

### Насоченост кон корисниците

Зголемување на задоволството на корисниците со нашиот квалитет, непристрасност, добра професионална пракса, ефикасност и етика.

### Однос кон испорачателите

Соработка со испорачатели која се темели на партнерство, взаемна доверба и сродни принципи во работењето.

### Лидерство

Со постојано унапредување во работењето, да бидеме лидер во општеството.

### Вработени

Соодветна стручна квалификација на вработените, детално познавање на специфичностите во работењето и постојана едукација.

### Компетентност

Извршување на работата компетентно и одговорно. Сите активности се изведуваат во согласност со договорените барања и законските прописи.

### Одговорност

Индивидуална и колективна одговорност како основа при работењето. Раководството на Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија целосно е одговорно за одржување и развој на Системот за квалитет.

Скопје,
17 јули 2025 година

Игор Јанушев
Генерален секретар

ГСВ-Q-751-001.4/Изм.2